Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202-91
22.03.2016 година

Годишно собрание

ДО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕДЛОГ

Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на Макпромет АД Штип на седницата одржана на ден 22.03.2016 година донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на годишната сметка ,
финансискиот извештај и годишниот извештај за работата на
Макпромет АД Штип за 2015 година

Член 1

Годишната сметка , финансискиот извештај и годишниот извештај за работата на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него, за 2015 година **се усвојуваат** со следните показатели:

| **О П И С** | **Вк. приходи** | **Вк. расходи** | **Добивка** | **Загуба по оданочување** |
|---|---|---|---|---|
| "Европа" ДООЕЛ - Штип | 231.881.163 | 220.983.221 | 9.593.456 | |
| "Жито Леб" ДООЕЛ - Штип | 273.632.686 | 277.729.444 | | 4.096.758 |
| "Илинден 2002" ДООЕЛ - Штип | 74.487.450 | 65.336.241 | 9.151.209 | |
| "Макпромет" АД - Штип | 49.867.406 | 52.174.984 | | 2.307.577 |

Член 2

Финансиската состојба во "Макпромет" АД - Штип искажана консолидирано за 2015 година е следната:

| ***О П И С*** | ***Вк. приходи*** | ***Вк. расходи*** | ***Добивка по одданочување*** | ***Загуба*** |
|---|---|---|---|---|
| | 532.961.194 | 519.316.378 | 12.340.330 | |

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Ѓорѓиева Ленче
Лиха Стерјова

Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202 -92
22.03.2016 година

Годишно собрание

ДО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕДЛОГ

Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на Макпромет АД Штип на седницата одржана на ден 22.03.2016 година донесе: ПРЕДЛОГ

# О Д Л У К А
## за усвојување на ревизорскиот извештај за работата на Макпромет АД Штип за 2015 година

Член 1

Ревизорскиот извештај на наезависната ревизија на финансиските извештаи на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него за 2015 година , изготвен од страна на Друштво за ревизија Пелагониска Ревизорска куќа ДОО Прилеп **се усвојува.**

Член 2

Ревизорскиот извештај изготвен од страна на Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ДОО Прилеп да се достави до Собранието на акционери.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно одлуката на собрание на акционери за вршење на ревизија на работењето на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него од страна на Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ДОО Прилеп изготвен е извештај за финансиските извештаи на друштвата за 2015 година.

Извешатјот е изготвен согласно Законот за трговски друштва , Сметководствените принципи кои се применуваат во практиката и меѓународните стандарди .

Поради напред изнесеното се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Горгиева Ленче
Стерјова Пиха

Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202-93
22.03.2016 година

Годишно собрание

Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на Макпромет АД Штип на седницата одржана на ден 22.03.2016 година донесе: ПРЕДЛОГ:

# О Д Л У К А
## за употреба на чиста добивка и покривање на загуба

Член 1

Утврдената загуба од работењето на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него за 2015 година искажана по друштва:

-Макпромет АД Штип во износ од 2.307.577,оо денари
- Жито леб ДООЕЛ Штип во износ од 4.096.758,оо денари

останува непокриена

Член 2

Утврдената добивка од работењето на друштвата основани од Макпромет АД Штип во 2015 година искажана по друштва и тоа :

- Илинден 2002 ДООЕЛ Штип во износ од 9.151.209,оо денари
- Европа ДООЕЛ Штип во износ од 9.593.456,оо денари

останува нераспоредена.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

"Макпромет" АД Штип
Одбор на директоири
1.Миле Атанасов
2.Ѓорѓиева Ленче
3.Пиха Стерјова

Макпромет АД Штип
0202-94
22.03.2016 година

Годишно собрание

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 384 став 2 точка 2 од Законот за трговски друштва Собранието на акционери на Макпромет АД Штип на ден ______ година донесе:

# О Д Л У К А

за одобрување на работата на членовите
на Одборот на директори
на Макпромет АД Штип за 2015

Член 1

- Се одобрува работата на Миле Атанасов за 2015 година како член на Одборот на директори на Макпромет АД Штип - неизвршен член
- Се одобрува работата на Горгиева Ленче за 2015 година како член на Одборот на директори на Макпромет АД Штип- независен неизвршен член
- Се одобрува работата на Пиха Стерјова за 2015 годна како член на Одборот на директори на Макпромет АД Штип- извршен член

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Собрание на акципонери
Претседавач

Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202-95
22.03.2016 година

Годишно собрание

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговски друштва Собранието на акционери на Макпромет АД Штип на ден ________ година донесе:

**О Д Л У К А**

Член 1

______________________________ се назначува за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за 2016 година на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него .

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Собрание на акционери
Претседавач

Макпромет А.Д. Штип 1

Макпромет АД Штип
0202-96
22.03.2016 година

Годишно собрание

ПРЕДЛОГ

# О Д Л У К А

определување на награда на членови на Одбор на директори
Макпромет АД Штип 2016- 2017 година

Член 1

Се утврдува дека наградата на неизвршните членови на Одборот на директори на Макпромет АД Штип за нивниот ангажман во друштвото изнесува :

- За Претседателот на Одборот на директори месечен нето износ од по ________,оо денари
- За неизвршниот член на одборот на директори месечен нето износ од по ________,оо денари
- За извршниот директор на одборот на директори месечен нето износ од по ______ денари

Персоналниот данок на доход , пресметан според важечката стапка на персонален данок на доход во моментот на исплатата, е на товар на исплатителот.

Месечниот износ на нето надомест ќе биде распореден помеѓу Макпромет АД и друштвата основани од него во следниот соднос:

- Макпромет АД Штип ___%;
- Европа ДООЕЛ Штип ___%;
- Жито леб ДООЕЛ Штип ___%
- Илинден 2002 ДООЕЛ Штип ___%

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето

Макпромет АД Штип
Собрание на акционери
Претседавач

Макпромет АД Штип

Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202-97
22.03.2016 година

Годишно собрание

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на одредбите од Статутот на Друштво за производство и трговија Макпромет АД Штип и член 504 , 505 и 506 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ________ година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за усвојување на консолидирана годишна сметка консолидиран финансиски извештај и консолидираниот ревизорски извештај на Макпромет АД Штип за 2015 година

Член 1

Се усвојува консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот ревизорски извештај изготвен од овластен ревизор со следните показатели :

| О П И С | Вк. приходи | Вк. расходи | Добивка по оданочување | Загуба |
|---|---|---|---|---|
| | 532.961.194 | 519.316.378 | 12.340.330 | |

Конослидиран Биланс на успех
Консолидиран Биланс на состојба
Консолидиран Извештај за промени во капиталот
Консолидиран Извештај за паричните текови
Белешки кон Консолидираните извештаи
Применети сметководствени политики

Член 2

Извештаите се составен дел на оваа одлука.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето .

"Макпромет" АД Штип
Собрание на акционери
Претседавач:

Макпромет АД Штип
0202-98
22.03.2016 година

За Собрание на акционери

ДО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕДЛОГ

Врз основа на одредбите член 517, 518 став 4 и 383 став 1 точка 9 и 10 од Законот за трговски друштва и член 30 од Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на Макпромет АД Штип на седницата одржана на ден 22.03.2016 година донесе ПРЕДЛОГ :

# О Д Л У К А
## за присоединување на друштво со ограничена одговорност Жито леб ДООЕЛ Штип кон МАКПРОМЕТ АД Штип

Член 1

Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип, со БДС 5224977 и ЕДБ 4029981113604, со седиште на ул. Железничка бр.30 Штип, да се присоедини кон основачот и единствен содружник Дрштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД ШТИП, со БДС 4050525, со ЕДБ 4029973111259 со седиште на ул. Др- Слободан Јовановски бр. 3 Штип, во постапка и под услови во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Статутот на Макпромет АД Штип заведен под УЗП 7649/15 од 22.06.2015 година и Изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност.

Член 2

Со присоединувањето на Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип ќе се изврши универзален пренос на целокупниот имот на друштвото кој се состои од имот евидентиран во книговодствена евиденција (прилог кон одлуката ) како и на сите права и обврски кои друштвото има оставрено како и сите оние кои ќе ги оставри до денот на присоединувањето, како имотот, правата и обврските кои ќе настанат заклучно со денот на целосно исполнување на условите за присоединување кон Макпромет АД Штип .

Член 3

Цел на присоединувањето на Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип кон основачот и единствен содружник Дрштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип, односно по одобрувањето од страна на содружникот и уписот во трговски регистар, е да се пренесе целокупниот имот односно : активата , пасивата и основачкиот капитал ( влог).

Присоединувањето се врши поради концентрација и централизација на капиталот, зголемување на профитот , поквалитетно и организирано настапување во правниот промет , намалување на трошоците на работењето и поефикасно извршување на основната дејност, што подарзбира организација на процесот на производство , подобро искористување на средствата за работа , подобро искористување на работната сила и слично.

Член 4

Вредноста на активата на Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип ( друштвото што ќе се присоедини ) ќе биде искажана согласно податоците искажани во завршната сметка со состојба на денот на присоединувањето.

Член 5

По спроведувањето на постапката за присоединување и уписот на присоединување во Централен регистар ќе запрат деловните активности на Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип .

Член 6

Вработените во Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип ќе ги задржат истите права и обврски од работен однос и истите ќе се пренесат кај превземачот како нов работодавач.

Член 7

Се овластува Управителот на Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип, да ги превземе сите активности, согласно ЗТД, за спроведување на постапката за присоединување и да склучи и завери Спогодба за присоединување во форма на Нотарски акт.

Член 8

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Пиха Стерјова
Горгиева Ленче

Макпромет АД Штип
0202-99
22.03.2016 година

За Собрание на акционери

ДО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕДЛОГ

Врз основа на одредбите член 517, 518 став 4 и 383 став 1 точка 9 и 10 од Законот за трговски друштва и член 30 од Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на Макпромет АД Штип на седницата одржана на ден 22.03.2016 година донесе ПРЕДЛОГ :

**О Д Л У К А**
**за присоединување на друштво со ограничена одговорност**

Член 1

Друштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД ШТИП, со БДС 4050525, со ЕДБ 4029973111259 со седиште на ул. Др- Слободан Јовановски бр.3 Штип, **е согласно** да Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип, со БДС 5224977 и ЕДБ4029998113604, со седиште на ул. Железничка бр.30 Штип, се присоедини кон основачот и единствен содружник, во постапка и под услови во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Статутот на Макпромет АД Штип заведен под УЗП 7649/15 од 22.06.2015 година и Изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност.

Член 2

Со присоединувањето на Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип ќе се изврши универзален пренос на целокупниот имот на друштвото кој се состои од имот евидентиран во книговодствена евиденција (прилог кон одлуката ) како и на сите права и обврски кои друштвото има оставрено како и сите оние кои ќе ги оставри до денот на присоединувањето , имотот , правата и обврските кои ќе настанат заклучно со денот на целосно исполнување на условите за присоединување кон Макпромет АД Штип.

Член 3

Цел на присоединувањето на Друштво за производство и продажба на пекарски производи ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ Штип кон основачот и единствен содружник Друштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип, е да се пренесе целокупниот имот односно : активата , пасивата и основачкиот капитал ( влог) ,

Присоединувањето се врши поради концентрација и централизација на капиталот, зголемување на профитот , поквалитетно и организирано

настапување во правниот промет , намалување на трошоците на работењето и поефикасно извршување на основната дејност, што подарзбира организација на процесот на производство , подобро искористување на средствата за работа , подобро искористување на работната сила и слично.

Член 4

Вредноста на активата на Друштво за производство и продажба на пекарски производи **ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ** (друштвото што ќе се присоедини) ќе биде искажана согласно податоците искажани во завршната сметка со состојба на денот на присоединувањето.

Член 5

По спроведувањето на постапката за присоединување и уписот на присоединување во Централен регистар ќе запрат деловните активности на Друштво за производство и продажба пекарски производи **ЖИТО ЛЕБ ДООЕЛ** Штип.

Член 6

Вработените во Друштво за производство и продажба на пекарски производи ќе ги задржат истите права и обврски од работен однос и истите ќе се пренесат кај превземачот како нов работодавач.

Член 7

Се овластува Извршниот директор на Макпромет АД Штип, да ги превземе сите активности, согласно ЗТД, за спроведување на постапката за присоединување и да склучи и завери Спогодба за присоединување во форма на Нотарски акт .

Член 8

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Пиха Стерјова
Ѓоргиева Ленче

Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202-100
22.03.2016

Годишно собрание

Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва , а во врска со член 35 од Статутот на Макпромет АД Штип , Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 22.03.2016 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

За свикување на собрание на акционери на
Макпормет АД Штип

Собранието на акционери ќе се одржи на ден 15.04.2016 година (петок) во 11,оо (единаесет) часот во просториите на "Европа" ДООЕЛ Штип, сала (работнички ресторан) на ул. Др Слободан Јовановски бр. 3 Штип со следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**I Процедурален дел**

1. Отворање на собранието
2. Констатирање кворум за работа
3. Избор на работни тела

3.1 Избор на претседавач

3.2 Избор на двајца бројачи на гласови

3.3.Именување на Нотар за водење на записник на Собрание на акционери.

**II Работен дел**

1.Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиски извештај и годишниот извештај на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него за 2015 година;

2.Разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка за 2015 година;

3.Донесување на одлука за употреба на чиста добивка и покривање на загуба;

4.Одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото за 2015 година;

5. Донесување на одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2016 година;

6. Донесување на одлука за исплата на награда на членовите на Одборот на директори ;

7. Разгледување и одобрување на консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на Макпромет АД Штип, ревидирани од овластен ревизор за 2015 година;

8. Донесување на одлука за присоединување на Друштво за производство и продажба на пекарски производи Жито леб ДООЕЛ Штип кон Друштво за производство и трговија Макпромет АД Штип.

9. Донесување на одлука за согласност за присоединување на друштво со ограничена одговорност Жито леб ДООЕЛ кон Друштво за производство и трговија Макпромет АД Штип.

10. Донесување на одлука за присоединување на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи Европа ДООЕЛ Штип кон Друштво за производство и трговија Макпромет АД Штип.

Вкупниот број на акции во Макпромет АД Штип е 59.993 акции, од кои :

- 59.993 обични акции
- вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик се 59.993

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на собранието на друштвото е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Пријавите да се достават до Макпромет АД Штип, Одбор на директори на друштвото , или по електронски пат на kutis.m@gmail.com

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на денвениот ред во согласност со Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин во согласност со Статутот и Законот за трговски друштва .

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно за што е должен да го извести друштвото по писмен или електронски пат.

За полномошници на собранието можат да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелодениле на акционерите дека кај нив има конфликт на интереси и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на собранието за која им важи полномошното. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на друштвото : www.makpromet.com.mk

Согласно Законот за трговските друштва акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред предлози на одлуки и прашања најдоцна осум дена од објавата на овој повик во дневен весник, а подетални информации за постапката на доставување на предлози и прашања може да се најдат на официјалната интренет страница на друштвото www.makpromet.com.mk

Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интренет страницата на друштвото.

Материјалите за собранието на друштвото и дополнителни информации во согласност со Законот за трговски друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во седиштето на друштвото на ул. Др Слободан Јовановски бр. 3 Штип и на интернет страницата на друштвото www.makpromet.com.mk

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Ѓоргиева Ленче
Стерјова Пиха

МАКПРОМЕТ АД Штип
0202-102
22.03.2016 година

Годишно собрание

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МАКПРОМЕТ АД ШТИП И ДРУШТВАТА ОСНОВАНИ ОД НЕГО ЗА 2015 ГОДИНА

## ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

Општите услови на стопанисување на ниво на целата држава неминовно се рефлектираа и на работењето на Макпромет АД Штип. Покрај економскиот амбиент битно влијание на работењето имаше и:

- зголемената конкуренција на пазарот во дејностите кои ги остварува Макпромет АД преку своите друштваа;
- долгогодишно градење на коректни односи со комитентите;
- интересот за продолжување на соработката со голема доверба.

## ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОДРШКА ЗА УСПЕШЕН РАЗВОЈ НА ДРУШТВОТО

Во извештајниот период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година се извршени вложувања во друштвата со ограничена одговорност основани од Макпромет АД Штип.

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Во периодто од 0.1.01.2015 до 31.12.2015 година Макпромет АД Штип и друштвата основани од него управувањето и раководењето го организираше преку преземање мерки и активности за подобрување на материјалната и финансиската состојба на друштвата.

Активностите беа насочени кон зголемување на продуктивноста, а со цел ставање во функција и целосно искористување на капацитетите на опремата која беше набавена во претходните години како и зголемување на обемот на производство, проширување на производствениот асортиман преку воведување на нови производи, како и освојување на нови пазари за пласман на производството.

Во деловната 2015 година пред распределбата на остварените резултати во истата година, според Билансот на состојба активата односно пасивата на друштвото изнесува 188.327.457 денари Во истата деловна година според Билансот на успех остварени се следниве финансиски резултати:

- Вкупни приходи: 49.867.406,00 денари
- Вкупно расходи: 52.174.984,00 денари
- Загуба: 2.307.577,00 денари
- Данок на добивка 0,00 денари
- Загуба после оданочување 2.307.577,00 денари

Вкупните оперативни приходи во износ од 48.867.406 денари бележат пораст во однос на 2014 година и истите се состојат од:

- Приходи од услуги во износ од 22.084 илјади ден.
- Приходи од продажба на стоки во износ од 3.892 илјади ден.
- Приходи од продажба на средства во износ од 21.974 илјади ден.
- Останати приходи во износ од 1.892 илјади ден.
- Останати приходи во износ од 25 илјади ден.

Вкупните оперативни расходи во износ од 52.069 илјади денари се повисоки во однос на 2014 година и се состојат од:

- Трошоци за суровини и материјали, електрична енергија во износ од 4.368 илјади ден.
- Набавна вредност на продадени стоки во износ од 14.943 илјади ден.
- Услуги кои имаат карактер на материјални трошоци во износ од 2.945 илјади ден.
- Останати трошоци од работењето во износ од 2.998 илјади ден.
- Трошоци за плати и други надоместоци на вработените во износ од 14.177 илјади ден..
- Амортизација на материјални и нематеријални средства во износ од 7.841 илјади ден.
- Вредносно усогласување на тековни средства во износ од 3.356 илјади ден.
- Останати оперативни трошоци во износ од 1.439 илјади ден.

Во деловната 2015 година Друштвото пресмета 7.841.388,00 денари амортизација на основните средства со примена на пропишани стапки во согласност со номенклатурата на средствата за амортизација.

Во 2015 година друштвото не изврши ревалоризација на средствата во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

Во текот на целата година се преземаа активности за стимулирање на вработните за нивно максимално ангажирање, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетите.

И покрај залагањето за поуспешно и рентабилно работење АД Макпромет оствари загуба во износ од 2.307.577,00 денари.

Во наредниот период ќе се продолжисо преземање на активности за надминување на проблемите и потешкотиите со кои се соочува друштвото во работењето.

СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ДРУШТВОТО

Согласно билансот на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на Макпромет АД Штип во 2015 год. изнесува 188.327 илјади денари.

Структурата на средствата покажува учество на постојаните средства од 57% во вкупните средства и истите се помали за 4,3% во однос на 2014 год.

Тековните средства во 2015 год. се во износ од 80.932 илјади ден. и најголем дел од нив се однесуваат на побарувања од купувачите и тоа во износ од 59.099 илјади ден. од кој износ 48.513 илјади ден. се однесуваат на побарувања од поврзани субјекти.

Вкупните обврски изнесуваат 17.420 илјади ден. и сите имаат третман на тековни обврски. Друштвото нема долгорочни обврски. Тековните обврски се во износ од 17.420 илјади ден. Најголем дел од овие обврски односно 7.476 илјади ден. се однесуваат на обврски спрема добавувачите. На сметката-Одложени плаќања на

трошоците приходи на идни периоди е евидентиран износ од 9.624 илјади ден. и се однесуваат на приходи кои че се наплатат во идните периоди

ОДНОС НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Друштвото нема обврски по основ на кредити.

РИЗИЦИ

Во своето работење Макпромет АД Штип е изложено на повеќе видови финансиски ризици како што се: пазарен ризик, кредитен ризик и ризик на ликвидноста.
Кај ризикот промена на пазарните цени, Макпромет АД Штип е изложен на ризикот за промена на цената на закуп на деловните простори кои ги издава под закуп, а која што зависи од финансиската моќ на корисниците на овие простории.
Макпромет АД Штип е изложен на кредитниот ризик поради неможноста навреме да се наплатат побарувањата од купувачите.
Друштвото во 2015 година немаше проблеми со ликвидноста односно навреме ги извршуваше своите обврски спрема доверителите.

ВРАБОТЕНОСТ

Бројот на вработени на Макпромет АД Штип на крајот на 2015 година изнесува 46 а бројот на вработените во 2014 беше 33.

РАЗВОЈ НА ДРУШТВОТО ВО 2016 ГОДИНА.

Во 2016 год. Макпомет АД Штип своето внимание ќе го насочува пред се кон истражување на пазарот за поголемо негово учество на истиот и зголемување на продажбата на производи и услуги. На ваков начин ќе се овозможи поголема искористеност на капацитетите и намалување на трошоците по единица производ:
Со нови инвестиции како и со залагањето на менаџерскиот тим во насока на истражување на пазарот ќе се создадат претпоставки за остварување на позитивен финансиски резултат.

Во деловната 2015 година во Европа ДООЕЛ според Билансот на состојба активата односно пасивата изнесува 319.724.606,00 денари. Во истата година според Билансот на успех се остварени следниве резултати:

- Вкупни приходи: 231.881.163,00 денари
- Вкупни расходи: 220.983.221,00 денари
- Добивка: 10.897.942,00 денари
- Данок на добивка 1.304.486,00 денари
- Добивка после оданочување 9.593.456,00 денари

Во деловната 2015 година Друштвото пресмета 4.323.728,00 денари амортизација на основните средства со примена на пропишани стапки во согласност со номенклатурата на средствата за амортизација.

Во 2015 година друштвото не изврши ревалоризација на средствата во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

Во 2015 година друштвото инвестираше во материјални средства 4.000.152 денари.

Во текот на целата година се преземаа активности за стимулирање на вработните за нивно максимално ангажирање, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетите.

Во наредниот период ќе се продолжи со преземање на активности за надминување на проблемите и потешкотиите со кои се соочува друштвото во работењето.

Во деловната 2015 година во Жито леб ДООЕЛ според Билансот на состојба активата односно пасивата изнесува 110.058.652,00 денари. Во истата година според Билансот на успех се остварени следниве резултати:

- Вкупни приходи: 273.632.686,00 денари
- Вкупни расходи: 277.729.444,00 денари
- Загуба: 4.096.758,00 денари
- Данок на добивка 0 денари
- Загуба после оданочување 4.096.758,00 денари

Во деловната 2015 година Друштвото пресмета 865.289,00 денари амортизација на основните средства со примена на пропишани стапки во согласност со номенклатурата на средствата за амортизација.

Во 2015 година друштвото не изврши ревалоризација на средствата во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

Во 2015 година друштвото инвестираше во материјални средства 1.421.652 денари.

Во текот на целата година се преземаа активности за стимулирање на вработните за нивно максимално ангажирање, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетите.

И покрај настојувањата за поуспешно и рентабилно работење Жито леб ДООЕЛ оствари загуба во износ од 4.096.758 ден. пред се поради високите цени на енергенсите и основните суровини (брашно) нелојалната конкуренција и негативното делување на економската криза врз куповната моќ на населението.

Во наредниот период ќе се продолжи со преземање на активности за надминување на проблемите и потешкотиите со кои се соочува друштвото во работењето.

Во деловната 2015 година во Илинден 2002 ДООЕЛ според Билансот на состојба активата односно пасивата изнесува 125.631.528,00 денари. Во истата година според Билансот на успех се остварени следниве резултати:

- Вкупни приходи: 74.487.450,00 денари
- Вкупни расходи: 65.336.241,00 денари
- Добивка: 9.151.209,00 денари
- Данок на добивка 0 денари
- Добивка после оданочување 9.151.209,00 денари

Во деловната 2015 година Друштвото пресмета 1.173.771,00 денари амортизација на основните средства со примена на пропишани стапки во согласност со номенклатурата на средствата за амортизација.

Во 2015 година друштвото не изврши ревалоризација на средствата во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

Во 2015 година друштвото инвестираше во материјални средства 1.463.975 денари.

Во текот на целата година се преземаа активности за стимулирање на вработните за нивно максимално ангажирање, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетите.

Со максимално ангажирање на вработените и припојувањето на Илинден ДООЕЛ кон Илинден 2002 ДООЕЛ и покрај постојаното покачување на цените на суровините друштвото оствари добивка во износ од 9.151.209 денари.

Во наредниот период ќе се продолжи со преземање на активности за надминување на проблемите и потешкотиите со кои се соочува друштвото во работењето.

Групацијата МАКПРОМЕТ АД Штип ја сочинуваат матичното друштво Макпромет АД Штип и друштвата основани од него. Имено, Макпромет АД има формирано три друштва со ограничена одговорност од едно лице и тоа е 100 % сопственик на истите и тоа:

1. Европа ДООЕЛ за производство и трговија на кондиторски производи;
2. Жито леб ДООЕЛ за производство и продажба на пекарски производи;
3. Илинден 2002 ДООЕЛ заштитно друштво;

Групацијата во 2015 година своите активности ги извршуваше во отежнати услови врз кои што не можеше да влијае. Но и покрај отежнатите услови на стопанисување Групацијата, како резултат на максималното залагање на раководниот тим и вработените оствари позитивен финансиски резултат..

Во текот на 2015 год.се извршени инвестициони вложувања во вкупен износ од 10.796 илјади ден.од кој износ 2.369 илјади ден. се однесуваат на вложувања во нематеријални средства, 1696 илјади ден. се однесуваат на градежни објекти, а 6.731 илјади ден. за набавка на опрема.

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Во деловната 2015 година според Билансот на состојба активта односно пасивата по извршената консолидавија на Групацијата АД Макпромет изнесува 608.119.482 ден.

Групацијата Макпромет АД Штип во деловната 2015 год. оствари позитивен финансиски резултат односно добивка во износ од 12.340.330,оо денари.

Табеларен приказ на резултатите од работењето

(во 000 ден.)

| | | 2015 | 2014 | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупни оперативни приходи | 528.889 | 638.163 | 82 |
| 2 | Финансиски приходи | 4.073 | 2.489 | 163 |
| 3 | Промени во залихите на готови производи и производството во тек | (3.914) | 2580 | 152 |
| | **Вкупни приходи** | **529.048** | **643.232** | **83** |
| 3 | Вкупни оперативни расходи | (502.840) | (615.805) | 81 |
| 4 | Финансиски расходи | (12.564) | (14.763) | 85 |
| | **Вкупни расходи** | **(515.403)** | **(630.568)** | **82** |
| 5 | Финансиски резултат пред оданочување | 13.645 | 12.664 | 108 |
| **6** | **Данок на добивка** | **(1305)** | **(1599)** | **81** |
| **7** | **Финансиски резултат по оданочување** | **12340** | **11.065** | **111** |

Вкупните оперативни приходи во износ од 528.888 илјади ден. бележат намалување во однос на 2014 год.и истите се состојат од следниве приходи:

- приходи од продажба на стоки и услуги во износ од 487.441 илјади ден.
- приходи од продажба на суровини во износ од 185 илјади ден.
- приходи од продажба на основни средства во износ од 35.874 илјади ден.
- приходи од отпис на обврски во износ од 2.613 илјади ден.
- и останати приходи во износ од 2.775 илјади ден.

Вкупните оперативни расходи во износ од 502.840 илјади ден.се помали во однос на 2014 год.

Оперативните расходи се состојат од следниве видови расходи:

- трошоци за суровини, материјали и електрична енергија во износ од 171.334 илјади ден.
- набавна вредност на продадени стоки во износ од 195.891 илјади ден.
- набавна вредност на продадени суровини во износ од 1.501 илјади ден.
- услуги коишто имаат карактер на материјални трошоци во износ од 20.342 илјади ден.
- останати трошоци од работењето во износ од 30.367илјади ден.
- трошоци за исплатени плати и други надоместоци на вработените во износ од 59.199 илјади ден.
- амортизација во износ од 14.204 илјади ден.,
- вредносно усогласување на тековни средства во износ од 6.928 илјади ден.
- останати оперативни трошоци во износ од 3.073 илјади ден.

## СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ГРУПАЦИЈАТА

Согласно билансот на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на Групацијата Макпромет АД Штип во 2015 год. изнесува 608.119.482,00 ден.

Структурата на средствата покажува учество на постојаните средства од 27,7% во однос на вкупните средства и истите се помали за 3% во однос на 2014 год.

Тековните средства во 2015 год. се во износ од 433.507 илјади ден. и најголем дел од нив се однесуваат на побарувања од купувачите и тоа во износ од 186.558 илјади ден. како и побарувањата по основ на позајмици во износ од 139.829 илјади ден.

Вкупните обврски на Групацијата изнесуваат 370.650 илјади ден. Од овие обврски на обврски по долгорочни кредити отпаѓаат 51.577 илјади ден а на тековни обврски 309.025 илјади ден. Најголем дел од тековните обврски односно 147.829 илјади ден. се однесуваат на обврски спрема добавувачите, а 125.019 илјади ден. се обврски по краткорочни заеми и кредити.

## ОДНОС НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Групацијата има долгорочни обврски во износ од 51.576 иљади денари и краткорочни обврски по кредити во износ од 125.019 иљади ден.

РИЗИЦИ

Во своето работење Групацијата Макпромет АД Штип е изложена на повеќе видови финансиски ризици како што се: пазарен ризик, кредитен ризик и ризик на ликвидноста.
Кај ризикот промена на пазарните цени Групацијата Макпромет АД Штип е изложен на ризикот за промена на цената на суровините на кои не може да делува.
Групацијата Макпромет АД Штип е изложена на кредитниот ризик поради неможноста навреме да се наплатат побарувањата од купувачите.
Групацијата во 2015 година немаше проблеми со ликвидноста односно навреме ги извршуваше своите обврски спрема доверителите.

ВРАБОТЕНОСТ

Бројот на вработени на Групацијата Макпромет АД Штип на крајот на 2015 година изнесува 232.

РАЗВОЈ НА ГРУПАЦИЈАТА ВО 2016 ГОДИНА.

Во 2016 год. Групацијата Макпромет АД Штип своето внимание ќе го насочува кон зголемување на приходите од продажба на производи и услуги, активностите во насока на максимално ангажирање на вработените, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетот.
Со нови инвестиции како и со залагањето на менаџерскиот тим во насока на истражување на пазарот ќе се создадат претпоставки за остварување на поголем позитивен финансиски резултат.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Ленче Ѓоргиева
Пиха Стерјова

Макпромет АД Штип
0202-103
22.03.2016

За Собрание на акционери

ДО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕДЛОГ

Врз основа на одредбите член 517, 518 став 4 и 383 став 1 точка 9 и 10 од Законот за трговски друштва и член 30 од Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на Макпромет АД Штип на седницата одржана на ден 22.03.2016 година донесе ПРЕДЛОГ :

## О Д Л У К А
### за присоединување на друштво со ограничена одговорност

Член 1

Дрштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД ШТИП, со БДС 4050525, со ЕДБ 4029973111259 со седиште на ул. Брегалничка бб Штип, **е согласно** да Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип, со БДС 5224969 и ЕДБ4029998114171, со седиште на ул. Брегалничка бб Штип , се присоедини кон основачот и единствен содружник, во постапка и под услови во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Статутот на Макпромет АД Штип заведен под УЗП 7649/15 од 22.06.2015 и Изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност .

Член 2

Со присоединувањето на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип ќе се изврши универзален пренос на целокупниот имот на друштвото кој се состои од имот евидентиран во книговодствена евиденција прилог кон одлуката ) како и на сите права и обврски кои друштвото има оставрено како и сите оние кои ќе ги оставри до денот на присоединувањето , имотот , правата и обврските кои ќе настанат заклучно со денот на целосно исполнување на условите за присоединување кон Макпромет АД Штип.

Член 3

Цел на присоединувањето на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип кон основачот и единствен содружник Дрштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип, е да се пренесе целокупниот имот односно : активата , пасивата и основачкиот капитал ( влог).

Присоединувањето се врши поради концентрација и централизација на капиталот, зголемување на профитот , поквалитетно и организирано настапување во правниот промет , намалување на трошоците на работењето и поефикасно извршување на основната дејност, што подарзбира организација на процесот на производство , подобро искористување на средствата за работа , подобро искористување на работната сила и слично.

Член 4

Вредноста на активата и пасивата на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ ( друштвото што ќе се присоедини ) ќе биде искажана согласно пдоатоците искажани во завршна сметка со состојба на денот на присоединувањето.

Член 5

По спроведувањето на постапката за присоединување и уписот на присоединување во Централен регистар ќе запрат деловните активности на Друштво за производство и продажба кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип.

Член 6

Вработените во Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ ќе ги задржат истите права и обврски од работен однос и истите ќе се пренесат кај превземачот како нов работодавач.

Член 7

Се овластува Извршниот директор на Макпромет АД Штип, да ги превземе сите активности, согласно ЗТД, за спроведување на постапката за присоединување и да склучи и завери Спогодба за присоединување во Форма на Нотарски акт.

Член 8

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Лиха Стерјова
Ѓоргиева Ленче

Макпромет АД Штип
0202-104
22.03.2016 година

За Собрание на акционери

ДО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕДЛОГ

Врз основа на одредбите член 517, 518 став 4 и 383 став 1 точка 9 и 10 од Законот за трговски друштва и член 30 од Статутот на Макпромет АД Штип, Одборот на директори на Макпромет АД Штип на седницата одржана на ден 22.03.2016 година донесе ПРЕДЛОГ:

## О Д Л У К А
### за присоединување на друштво со ограничена одговорност ЕВРОПА ДООЕЛ Штип кон МАКПРОМЕТ АД Штип

Член 1

Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип, со БДС 5224969 и ЕДБ 4029998114171, со седиште на ул. Брегалничка бб Штип, да се присоедини кон основачот и единствен содружник Дрштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД ШТИП, со БДС 4050525, со ЕДБ 4029973111259 со седиште на ул. Брегалничка бб Штип, во постапка и под услови во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Статутот на Макпромет АД Штип заведен под УЗП УЗП 7649/15 од 22.06.2015 и Изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност.

Член 2

Со присоединувањето на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип ќе се изврши универзален пренос на целокупниот имот на друштвото кој се состои од имот евидентиран во книговодствена евиденција како и на сите права и обврски кои друштвото има оставрено, како и сите оние кои ќе ги оставри до денот на присоединувањето, имотот , правата и обврските кои ќе настанат заклучно со денот на целосно исполнување на условите за присоединување кон Макпромет АД Штип .

Член 3

Цел на присоединувањето на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПАДООЕЛ Штип кон основачот и единствен содружник Дрштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип, односно по одобрувањето од страна на содружникот и уписот во трговски регистар , е да се пренесе целокупниот имот односно : активата , пасивата и основачкиот капитал ( влог) ,

Присоединувањето се врши поради концентрација и централизација на капиталот, зголемување на профитот , поквалитетно и организирано

настапување во правниот промет , намалување на трошоците на работењето и поефикасно извршување на основната дејност, што подарзбира организација на процесот на производство , подобро искористување на средствата за работа , подобро искористување на работната сила и слично.

Член 4

Вредноста на активата и пасивата на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип ( друштвото што ќе се присоедини )ќе биде искажана е согласно податоците искажани во завршната сметка со состојба на денот на присоединувањето.

Член 5

По спроведувањето на постапката за присоединување и уписот на присоединување во Централен регистар ќе запрат деловните активности на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип .

Член 6

Вработените во Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип ќе ги задржат истите права и обврски од работен однос и истите ќе се пренесат кај превземачот како нов работодавач.

Член 7

Се овластува Управителот на Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип, да ги превземе сите активности, согласно ЗТД, за спроведување на постапката за присоединување и да склучи и завери Спогодба за присоединување во форма на Нотарски акт.

Член 8

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Миле Атанасов
Пиха Стерјова
Ѓоргиева Ленче